Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1385/2
Дата/Data: 25-03-2025

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт му се издаваат Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1025, КП 1026, КП 1030/2, КП 1028, КП 1029 и дел од КП 743, КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

Површината на планскиот опфат за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува **18,18 ха**.
Моќноста на фотоволтаичните електрани изнесува **над 10 MW**.

Планскиот опфат граничи со опфати за кои се издадени:
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за село Ижиште, Општина Македонски Брод (Решение бр. УП1-15 138/2018 од 14.02.2018 год. и Елаборат со тех. бр. Y17517) и
- Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност од 8,4 MW на дел од КП 130, КО Ижиште, Општина Македонски Брод (Решение бр. УП1-15 1726/2018 од 27.09.2022 год. и Елаборат со тех. бр. Y30022).

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafi (9) të Ligjit për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor mori këtë:

**VENDIM**
**Për Kushtet për planifikimin e hapësirës**

Me këtë Vendim Ministria e Transportit i lëshon Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore në KP 1025, KP 1026, KP 1030/2, KP 1028, KP 1029 dhe një pjesë të KP 743, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit.

Sipërfaqja e përfshirë në plan për të cilën lëshohen Kushtet për planifikimin e hapësirës është **18.18 ha**.
Kapaciteti i centraleve fotovoltaike është **mbi 10 MW**.

Përfshirja e planit kufizohet me zonat për të cilat janë lëshuar:

Kushtet për planifikimin e hapësirës për Planin Urbanistik të fshatit Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit (Vendim nr. UP1-15 138/2018 i datës 14.02.2018 dhe Elaborati me nr. teknike Y17517) dhe

Kushtet për planifikimin e hapësirës për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore me kapacitet 8.4 MW në një pjesë të KP 130, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit (Vendim nr. UP1-15 1726/2018 i datës 27.09.2022 dhe Elaborati me nr. teknike Y30022).


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1385/2
Дата/Data: ________________

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Условите за планирање на просторот претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. Y13225 се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1025, КП 1026, КП 1030/2, КП 1028, КП 1029 и дел од КП 743, КО Ижиште, Општина Македонски Брод, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Lloji i dokumentacionit planifikues duhet të harmonizohet me Ligjin për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25) dhe Rregulloren për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 dhe 7/25).

Kushtet për planifikimin e hapësirës përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime për planifikimin e hapësirës dhe përcaktimin e koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese për të gjitha fushat e rëndësishme për planifikimin e hapësirës në dokumentin përkatës planifikues, në përputhje me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikimin e hapësirës nga pika 1 e këtij Vendimi, të hartuara nga Agjencia për planifikimin e hapësirës me nr. teknike Y13225, janë pjesë përbërëse e këtij Vendimi.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore në KP 1025, KP 1026, KP 1030/2, KP 1028, KP 1029 dhe një pjesë të KP 743, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje, si dhe përfundime detyruese nga dokumentacioni planifikues i nivelit më të lartë dhe anekse grafike që përfaqësojnë një ekstrakt nga plani.

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, me një kufizim të rreptë të transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jobujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës.

5. Hartuesi ose zbatuesi i dokumentacionit planifikues është i detyruar të mbledhë të gjitha


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1025, КП 1026, КП 1030/2, КП 1028, КП 1029 и дел од КП 743, КО Ижиште, Општина Македонски Брод, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 69806 од 24.03.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1025, КП 1026, КП 1030/2, КП

të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për ndërhyrjen e planifikuar dhe zonat fqinje që kufizohen me përfshirjen planifikuese, të cilat janë të nevojshme për hartimin e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në përputhje me nenin 47 të Ligjit për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. Gjatë marrjes së një Vendimi për zbatimin ose moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për hapësirën e synuar për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore në KP 1025, KP 1026, KP 1030/2, KP 1028, KP 1029 dhe një pjesë të KP 743, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit, duhet të merren parasysh udhëzimet për nevojën e zbatimit të një Vlerësimi Strategjik të Ndikimit në Mjedisin Jetësor, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet nga sektorët e përfshirë në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ARSYETIMI

Ministria e Transportit, në bazë të nenit 42, paragrafi (1) të Ligjit për planifikimin urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), ka paraqitur një kërkesë përmes sistemit e-urbanizëm, me numër procedure UPP 69806 të datës 24.03.2025, në Agjencinë për Planifikimin e Hapësirës për lëshimin e Kushteve për planifikimin e hapësirës me destinim për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore në KP 1025, KP 1026, KP 1030/2, KP 1028, KP 1029 dhe një pjesë të KP 743, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit.

Në përputhje me nenin 42, paragrafi (8) të të njëjtit ligj, Agjencia për Planifikimin e Hapësirës ka hartuar Kushtet për planifikimin e hapësirës


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-1385/2
Дата/Data: ________________

1028, КП 1029 и дел од КП 743, КО Ижиште, Општина Македонски Брод.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 1025, КП 1026, КП 1030/2, КП 1028, КП 1029 и дел од КП 743, КО Ижиште, Општина Македонски Брод и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15 1385/1 од 24.03.2025 година.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

me destinim për centrale diellore dhe fotovoltaike sipërfaqësore në KP 1025, KP 1026, KP 1030/2, KP 1028, KP 1029 dhe një pjesë të KP 743, KO Izhishtë, Komuna e Makedonski Brodit dhe i ka dorëzuar ato në Ministrinë e Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15 1385/1 të datës 24.03.2025.

Përfundimet e përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës, që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përfaqësojnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Bazuar në sa më sipër, është vendosur siç përshkruhet në dispozitivin e këtij vendimi.

**UDHËZIMI LIGJOR:**
Kundër këtij Vendimi mund të ngrihet një padi administrative pranë gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga marrja e vendimit..

**МИНИСТЕР/MINISTER**
**Izet Mexhiti**

Изработил/Përpiloi: Дејан Гаџовски, раководител на одделение/udhëheqes njësie

Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор/udhëheqes sektori

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi-Државен секретар/Sekretar shtetëror

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të:
Husamet Agushovski
Nedim Rama


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk